Архивски знак: 03-7/18
Рок на чување:
26.04.2018 год.
Потпис: Иванов

**Управниот одбор на МНД-Битола на седницата одржана на 25 април 2018 година ја донесе следната:**

# О Д Л У К А

**Член 1**

Се закажува изборно Собрание на Македонско научно друштво-Битола за избор органи и тела на МНД-Битола.

Изборното Собрание ќе се одржи на 29.05.2018 г., во просториите на НУ Универзитетска библиотека „Св.Климент Охридски"-Битола.

**Член 2**

Рок за поднесување на кандидатури за органите и телата на МНД-Битола е 18.05.2018 година до 16.00 часот.

Поднесувањето на кандидатурите се врши лично во просториите на МНД-Битола кај техничкиот секретар, по електронска пошта на е-адреса на МНД-Битола или по пошта на адреса на МНД-Битола.

**Член 3**

Кандидатот за претседател на МНД-Битола задолжително поднесува Програма за работа на МНД-Битола за периодот 2018-2020 година.

Кандидат за претседател на МНД-Битола може да биде предложен од членови на МНД-Битола или со само кандидирање. Доколку кандидатот е предложен од членови на МНД-Битола, предложениот кандидат задолжително приложува Изјава за прифаќање на кандидатурата за претседател на МНД-Битола и Програма за работа на МНД-Битола во периодот 2018-2020 година.

**Член 4**

Сите кандидати за органи и тела на МНД-Битола се обврзани да ги исполнуваат обврските од Статутот на МНД-Битола за што претходно беа известени со допис од Управниот одбор на МНД-Битола, испратен на 16.04.2018 година.

**Член 5**

Одделенијата на МНД-Битола, согласно Статут имаат обврска да го почитуваат членот 2 од оваа Одлука.

**Член 6**

Одлуката за одржување на Изборно Собрание на МНД-Битола е јавно достапна и ќе биде поставена на службениот Портал на МНД-Битола.

**Член 7**

Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.

25.04.2018 г.

**Македонско научно друштво-Битола**

Претседател:

Вонр. проф. д-р Марјан Танушевски